РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 19-446/3
06.03.2017 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Universiteti i Evropës së Juglindore - Republika e Maqedonisë
УИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University - Republic of Macedonia
Tetovë - Тетово - Tetovo
Pranuar / Примено / Received: 21.03.2017

| Nj. org. / Орг. Един. / Org. unit | Numër / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Vlera / Вредност / Value |
|---|---|---|---|
| 03 | 612 | 7 | — |

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 1. седница одржана на 24.02.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиска програма „Правни студии" прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет на Југоистична Европа Тетово**

1. Се акредитира студиска програма **„Правни студии" прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет на Југоистична Европа Тетово** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Дипломиран правник,** Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки, научно - истражувачко поле: Правни науки, научно - истражувачка област: 50800-50835.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.